ОБРАЗЕЦ ЗА НАРАТИВЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

ЗА ПРОЕКТИ ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ВО 2019 ГОДИНА

1. Корисник

Име и презиме или назив на правното лице и краток назив или кратенка:
НУУБиблиотека„Гоце Делчев“-Штип

Адреса: Вита Поп Јорданова бр 5 Штип

Телефон: 032-391-247

Е-адреса: nub_gocedelchev@yahoo.com

Име и презиме на лицето за контакт (за правно лице): Зоран Костовски

2. Наслов на проектот / автор

Звучно визуела библиотека Приказни низ сите сетила

3.1. Дејност	**(X)** библиотекарство;
3.2. Категорија	(x)публикација,(x) списание, (x)литературна манифестација, ( )електронско издаваштво

4.1. Вкупен буџет на проектот(како 4.1. во финансискиот план, сите трошоци за проектот покриени со средства од МК и од други извори на финансирање)	25,000 денари
4.2. Вкупно средства одобрени од МК	25,000 денари
4.3. Исплатени средства од МК како аванс за реализација на проектот	25,000денари

5.1. Место (простор), град, држава на реализација на проектот	**5.2. Време (период, датум) и времетраење (во денови) на проектот**(за литературни манифестации)
Билблиотека	Во текот на целата година

6. Наративен извештај(краток опис на реализираните активности, постигнатите резултати (квантитативни, како број на испечатени публикации (тираж), промоција на изданието, подготовка на рекламен материјал и постигнати резултати и ефекти од издавањето, број на учесници и посетители на манифестацијата), како и осврт кон/образложение за можните отстапувања во реализацијата на планираните активности)

Во рамки на проектот „Приказни низ сите сетила“ беше предвидено едновремено восприемање на литературата преку различните сетила, а со цел поттик за читање на литература од повеќе области.

За таа цел, во рамки на проектот беше детектирана одредена литература што понатаму се употреби во фазите за реализација на проектот.

Од областа на детската литература беа селектирани неколку бајки што понатаму од страна на позајмувачите на глас се снимаа во професионално студио. Станува збор за приказните „Чајник“, „Снешко“, „Девојчето со ќибритчињата“ и „Принцеза на зрно грашоп“. Истите овие приказни, покрај тоа што бе снимени аудитивно, беа докомплетирани и со видео монтажа на визуелни слики, восприемливи за децата. Вака уредно направените аудио- видео приказни се снимија на ЦД, поставено во соодветно дизајнирана футрола. Пред целните публики на ученици и студенти од сите возрасти, овие книги беа презентирани на креативни интерактивни работилници на кои учесниците прво ги слушаа и гледаа измонтираните на погоре опишаниот начин приказни, а потоа дускутираа, работеа на претходно подготвени наставни ливчиња, адаптирани според возраста. На крај, разговараа за сето она што им оставило впечаток од понудените аудио – визуелни книги и сето она што досега го прочитале и имаат желба и понатаму да го прочитаат.

Исто така, од областа на средновековната книжевност беше снимена и една од похвалите на св. Климент, а наменета за св. Кирил Филозоф. По истата погоре спомената процедура се снимаше со друг позајмувач на глас, со монтажа на фотографии на аудио материјалот. При презентацијата на оваа похвала пред учениците и студентите, од страна на студентите од Филолошкиот факултет при УГД беа прочитани и дополнителни сегменти од похвали и поуки од св. Климент со цел да се поттикнат денешните генерации да допрат до средновековната литература. Исто така, со иста цел беа прочитани и сегменти од средновековни романи и раскази.

За и народната литература да допре до целната публика, присутна на креативно – интерактивната работилница, од страна на учесници од АКАДЕМИЈА ЕУРОАРТ беа отпеани изворни песни од Овчеполската етнографска целина, а практично беа претставени и свадбени песни и обичаи. Од доменот на Новата македонска книжевност, со студентите се дискутираше за поемите „Крвава кошуља“ и „Сердарот“, а во Прличевата „Автобиографија“ се детектираа натуралистичките сцени од животот на авторот.

Во рамки на проектот, посебно ќе ги потенцираме предавањето и креативната работилница со наслов „Стилските формации низ книжевна синестезија“.

Проектот ја исполни целта да ги мотивира младите да читаат, им помага на возрасните на мултимедијален начин да ги реципираат приказните и им ја доближува

книгата на слепите лица преку звучни ефекти.

Забелешка: Во прилог се доставуваат и дополнителни материјали (печатени материјали, примероци од публикации, аудиозаписи, фото и видеодокументација и сл.) кои ќе посведочат за реализацијата на проектот.

8.1. Финансиски извештај за трошоците кои се покриени со средствата одобрени од Министерството за култура (задолжително изразени во денари)

бр.	**опис на трошок** (авторски надомест,подготовка и печатење; по потреба дополнете ја табелата со нови редови))	**одобрен износ** (како во финансискиот план)	**износ на исплатен трошок** (реализиран со преведените средства од МК)	**износ на неисплатен трошок**(обврски)
1	Авторски хонорар за детекција и избор на литература за возрасни и деца	7,500	7,500	
2	Авторски хонорар за позајмувачи на глас	10,000	10,000	
3	Изработка на ЦД	7,500	7,500	
Вкупно		25,000	25,000	

Забелешка: Во прилог кон финансискиот извештај се доставуваат сите релевантни документи (копии од поединечни договори со кои се регулира исплатата на авторските и други надоместоци, фактури, сметки, уплатници, банкарски извештаи/изводи и сл.) со кои се потврдуваат наведените трошоци.

Министерството има право да побара дополнителни материјали и докази за проверка на извештајот и корисникот е должен на Министерството да му овозможи целосен и непречен увид во документацијата и во реализацијата на проектот.

Датум: 31,12,2019	Корисник (име и презиме на одговорното лице): в.д Директор Зоран Костовски
Потпис	

>>>